**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Четвртото продолжение на Сто триесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 9 мај 2006 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,33 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по Сто триесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Стојан Андов, Ангелка Пеева Лоуренчич, Али Ахмети, Фазли Велиу, Теута Арифи, Агим Целили, Семир Хасани, Мендух Тачи, Абдулади Весели, Исмет Рамадани, Чедомир Кралевски, Љубчо Ѓрѓиевски, Слободан Чашуле, Марјан Ѓорчев, Ванчо Ѓорѓиев, Благородна Мингова-Крепиева, Каролина Ристова, Гајур Сарач, Кенан Хасипи, Рафет Муминович, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Ганка Самоиловска-Цветанова, Љупчо Мешковски и Андреј Жерновски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Би сакал да ги информирам пратениците дека имавме координација со координаторите на политичките партии кои што се присутни во Парламентот и се договоривме сите закони кои се со двотретинско мнозинство бидејќи не можеме да обезбедиме присуство на минимум 90 пратеници, да ги поминеме, а во петок во 12 часот ќе закажам седница да се собереме и да ги изгласаме.

Бидејќи претресот по Законот за управни спорови е завршен, поминуваме на наредната точка од дневниот ред.

**Минуваме на точката 17 - Предлог на закон за прекршоците**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Согласно точка 1 од амандманот 15 од Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Законодавно правната комисија поднесе амандан на член 20 став 5 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски поднесоа амандмани за бришење на член 17; за менување на насловот на Глава единаесетта; за бришење на членовите 46, 47, 49, 50, 51 и 52 и на член 53 став 1, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 17, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, госпоѓа Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам службите да ги пребројат присутните пратеници во салата.

(службите ги пребројуваат присутните пратеници)

(некои пратеници влегуваат во салата)

Имаме подигнато 70 картички и ги молам пратениците да влезат во салата.

(некои пратеници влегуваат во салата)

Сега имаме доволен број пратеници.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 пратеници гласале 57. За амандманот гласале 13 пратеници, 2 воздржани, 42 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на насловот на глава единаесетта, поденсен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни 56 гласале. 11 гласале за, нема воздржани, 45 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на членовите 46, 47, 49, 50, 51 и 52, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се происнесе.

Има збор госпоѓа Младеновска, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 66 присутни, 58 гласале. За амандманот гласале 14 пратеници, 1 воздржан и 45 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 53 став 1 поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи нема пријавен за збор, го заклучувам претресто по текстот на предлогот на законт.

Ве потстетувам дека согласно точка 1 од Амандманот 15 од Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број гласови, а во петок ќе ги носиме сите законо со двотретинско мнозинство.

**Минуваме на точката 18 - Предлог за донесување на закон за медијација, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон со предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлгот за донесување на законот.

Молам кој бара збор.

За збор се јави госпоѓа Марија Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе.

Искрено да ви кажам јас очекував министерот за правда да се јави, затоа што овој закон е прва фаза и е нешто ново во правниот систем на Република Македонија. Досега вакво не сме имале и редно беше министерот за правда да даде два три уводни збора.

**Љупчо Јордановски:** Можеби министерот за правда чека вие да кажете нешто, па тој да ви одговори после. Повелете.

**Марија Којзеклиска:** Редно беше прво таа да се јави, а не на крај да одговара.

Значи, јас најверојатно ќе ја имам улогата на минстер за правда со оглед на тоа што прва се јавив за збор, па ќе можам да кажам од она што го читав од извештаите на Комисиите низ кои поминал овој закон, како што е на пример извештајот на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците во кои се укажува дека овој вид, или институт, или алтернативно решавање на споровите и тоа вон судско, или скратено наречено медијација е нешто што прв пат се воведува во правниот систем на Република Македонија, секако во согласност со реформите на правосудниот систем и растоварување на работата на судовите во делот на тоа споровите да бидат решавани од страна на трети лица, стручни лица кои ќе можат на тој начин да ги намалат предметите кои би дошле до судска разврска со што по автоматизам би се намалил бројот на заведените судски предмети.

Со оглед на тоа што е прва фаза, со оглед на тоа што е прв пат во правниот систем на Република Македонија се надевам дека ќе успее да го постигне ефектот или целта заради која се воведува овој систем. Јас би сакала накратко да кажам две три забелешки за предлогот за донесување на зкон за медијација, нешто што прв пат се воведува покрај самиот институт медијација ние воведвуаме и нов орган, тоа е комора на медијатори која допрва треба да се формира со претседател, собрание и управен одбор. Дадени се условите кој би се нафатил да биде медијатор доколку ги помине сите обуки, или програма за обука на медијатори. Значи, независно дали лицата се адвокати, дипломирани правници или лица со друга професија во зависност од видот на спорот тие лица согласно Предлогот на законот можат да бидат медијатори.

Во самиот текст на законот, или во преодните и завршните одредби, во членот 37 се вели дека трошоците за обука на медијаторите до 01.01.2008 година ќе ги сноси Проектот за алтернативно решавање на спорови, меѓународна финансиска корпорација. Тоа е во ред, до 01.01.2008 година на трошок на тој проект ќе се врши едукација на медијаторите. Меѓутоа, што ќе се случи после 01.01.2008 година? Ако министерот за правда би имал разбирање за она што ќе го кажам сега и за тој период, затоа што овие медијатори не ги формираме само додека трае проектот да бидат едуцирани, можеби ќе има потреба од нови едукатори, или нови медијатори во споровите, за да се намалат судските постапки или бројот на судските постапки дали не треба да се размислува за Академијата за обука на судии и обвинители и еден дел од програмата која се однесува на обука да се однесува и на медијаторите, затоа што крајната цел на овие медијатори е да заврши спорот до судската инстанца. Значи, во тој период да биде се завршено додека не дојде до негово судско разрешување за да се намалат судските постапки. Зарем не треба да се размилува и во тој правец, иако средства за обука на овие медијатори веќе се обезбедени од тој соодветен проект.

Инаку додека фатиме ритам. додека луѓето кои би биле медијатори, затоа што ова е секако прв пат ваков институт, значи немаме никакво искуство со медијација, никакво искуство со алтернативно решавање на спорови, а од друга страна имате рок максимум од 60 дена во кој медијаторите би требало да најдат разрешница за спорот кој постои меѓу две физички лица или меѓу физичко и правно лице или дури и меѓу странски лица и македонски државјани. Значи, веќе имаме рок од 60 дена, тие луѓе, за да се постигне ефектот мора да имаат искуство во смисла и на она што го минале, доколку некој пензиониран судија би сакал да биде медијатор, значи мора да се

размислува и за таа фела од луѓе или луѓе кои би биле на определени државни органи, каде што исто така имаат искуство со вон судските постапки, што значи и тие луѓе ќе мора да бидат вклучени во овој процес, нормално доколу сакаат. Меѓутоа, ако интенцијата на Република Македонија во овие реформи на правосудниот систем е токму да се сконцентрираме на алтернативното решавање на споровите и да не го зголемуваме бројот на судските предмети, мислам дека тие луѓе треба секако да бидат квалитетни, стручни, со искуство, за да се постигне целта на она со кое се предлага овој закон.

Ми остана само дилемата, јас знам дека споровите во Република Македонија никнат како печурки после дожд од икс причини, дали е тоа корупција во судството, дали е тоа неажурност на судството, не навлегувам во таа димензија, меѓутоа, ги има многу и секој ден ги има се повеќе и повеќе. Дали би било пожелно да се размислува за ограничување, наспроти зголемениот број, дали ќе треба да се размислува за определено ограничување на бројот на медијаторите или ќе си остане самата пракса да го даде на површина потребата од ограничуsвање на медијаторите е дека ако се сеќавате за нотарите имаше посебни прописи, колку нотари, на кој број население или жители можат да бидат назначени, именувани како нотари, во секој случај јас го поздравувам донесувањето на овој закон за медијација и искрено се надевам дека ќе ја постигне целта. Се надевам дека и Министерството за правда, со оглед на тоа дека ова е прва фаза, ќе мора да минат и сите оние јавни расправи, укажување од страна на сстручните лица или кажување на мислење, забелешки кои ќе бидат доставени од заинтересираните институции во државата, до Министерството како забелешки на предлогот за донесување на закон и се надевам дека Министерството за правда ќе прифати, доколку смета дека тоа ќе го подобри текстот на Законот и негова практична примена. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Ова е предлог за донесување на закон, со предлог на закон.

Господине Витановски, имате збор.

**Јанаќе Витановски:** Благодарам претседателе.

Да, на оваа седница ние ќе го разгледуваме Предлогот за донесување на закон, но и Предлогот на закон, така што ќе гласаме за донесувањето на законот.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувана министерќе, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

Денес за прв пат во Република Македонија пред пратениците е еден нов предлог за донесување на закон за медијација, со Предлог на закон. Законот произлегува од реформите во правосудниот систем и е новина во правниот систем на Република Македонија. Ваков закон постои во повеќе развиени европски држави. Предложените решенија во законот се во согласност со европските стандарди. На Република Македонија и е потребен еден ваков закон од причина што овој закон ќе се воведе вон судско решавање на споровите преку воведување на институтот медијација, а воедно ќе придонесе за растоварување на судовите од огромниот број на предмети кои во овој момент се околул 600 илјади,а кои можат да се решат вонсудски по пат на медијација. Со тоа ќе се зголеми ефикасноста на работата на судовите. Медијацијата или алтлернативното решавање на споровите на граѓаните ќе придонесе за нивно решавање по мирен пат врз слободно изразена волја на странките, а со помош на трето неутрално лице - медијатор. Медијацијата ќе овозможи и побрз пристап до правдата и надминување на досегашните пречки, големиот број на спорови на судовите, долгото траење на судската постапка, како и големите трошоци. Сега, со законот се предлага постапката за медијација да заврши во рок од 60 дена. Мислам дека е сосема во ред тоа време за да се реши по слободно изразена волја од еден спор.

Од сето ова што го изнесов произлегува и констатирам дека има потреба од донесување на закон за медијација, има уставен основ за негово донесување и начелата врз кои се заснова Законот се во согласност со Уставот и правниот систем, а тоа се начелата на законитост, доброволност, неутралност, непристрасност, доверливост, еднаквост, транспарентност, ефикасност и правичност. Кои се предностите на медијацијата во однос на судот. Според мене, странките сами доаѓаат до решение и сами донесуваат одлука со слободно изразена волја. Донесената одлука е трајна, а спогодбата е постигната за кратко време и постапката е доверлива и ефикасна. Склучената спогодба има сила на извршна исправа. Законот е јасен и краток, има 38 члена. Законот во членот 2 утврдува што е медијацијата и се вели дека медијација е вон судска постапка за решавање на спорови врз слободно изразена волја на странките со помош на трето неутрално лице, што е овде многу битно. Битно е тоа што медијаторот нема право да наметне решение во спорот. Со законот се уредуваат принципите на медијацијата, условите за медијатор кој треба да ги исполнува, постапката на медијацијата и организирањето на медијаторите во комора на медијатори. Треба да се нагласи дека овој закон се применува на граѓански, трговски, работни и на потрошувачки спорови меѓу физички и правни лица во соглалсност со законот. Законот нема а се однесува на колективни и работните спорови, кривичните работи и управните работи.

Посебно ќе го истакнам принципот на доброволност и неутралност на медијацијата, што мислам дека е основа на овој закон и на медијацијата. Странките во спорот доброволно ја поведуваат и учествуваат во постапката за медијацијата и во секое време може да се откажат од истата, но во писмена форма. А, од друга

страна медијаторот постапува неутрално и непристрасно во однос на странките или предметот во спорот. Законот во членот 10 и 11 утврдува што е медијатор и кој може да биде медијатор и под кои услови. Значи, во Законот е утврдено дека медијатор е физичко лице кое им помага на странките да постигнат спогодба без право да наметне решение на спорот во согласност со принципите на медијацијата. Медијатори можат да бидат адвокати, дипломирани правници и лица од друга професија кои завршиле обука за медијација, имаат сертификат за медијатор, треба да имаат пет години работно искуство, да имаат диплома за завршено високо образование и да бидат запишани во именикот на медијаторите и да не му е изречена казна забрана за вршење на професија дејност или должност. Овие членови во Законот даваат широка можност на голем број граѓани кои сакаат да се определат за оваа професија односно да бидат медијатори. Понатаму, законот ја определува постапката за медијацијата за што немам забелешки во кои се утврдува дека медијацијата започнува на денот кога странките во спорот со писмена форма ќе се согласат дека ќе учествуваат во медијацијата. Битно е и тоа дека кога странки се физички лица, тие во текот на постапката задолжително треба да бидат присутни, а не преку полномошници и тоа е сосема во ред, бидејќи волјата на странките е основа за медијацијата.

Во членот 21 е определено кога завршува постапката за медијација, при што се утврдува дека медијацијата завршува со склучување на писмена спогодба за решавање на спорот, со писмена изјава од медијаторот или од странките. Рокот за завршување на медијацијата е 60 дена од денот на започнувањето. Ова е добро решение во законот и значи по истекот на 60 дена постапката завршува без оглед на исходот од неа.

Во однос на трошоците на постапката за медијација, законот определува дека тие ќе се определат со трошковник кој ќе го донесе Комората на медијатори, со претходна согласност на министерот за правда. И ова е во ред и трошоците ќе ги знаат и самите странки и медијаторот и ќе бидат трошоци исти во целата Република Македонија.

Во однос на организацијата на медијаторите немам забелешки на понуденото решение. Тие ќе се организираат во Комора на медијатори, каде што највисок орган е Собранието на Комората. Комората ќе има управен и надзорен орган и претседател, со мандат од четири години и со право на уште еден мандат.

Во однос на надлежноста на Собранието на Комората немам никакви забелешки и сосема се во ред надлежностите на Собранието, на управниот одбор, на надзорниот одбор и на претседателот.

Во преодните и во завршните одредби се определени рокови за отпочнување на медијацијата, за кои сметам дека се кратки, но исто така сметам дека ќе бидат исполнети овие законски обврски. Воедно надзорот за спроведување на законот е јво надлежност на министерот за правда. Законот треба да се применува од 1 ноември 2006 година.

На крај, сметам дека законот ќе го донесеме едногласно и на тој начин ќе придонесеме за растоварување на предметите во судовите и Република Македонија и со овој закон ќе ја доближиме до Европска унија и до европските стандарди.

Јас ќе гласам за овој закон и пратеничката група на СДС ќе гласа за овој закон. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Насуфи, повелете имате збор.

**Џевдет Насуфи:** Благодарам господине претседателе, почитувани колеги,

Ние денес расправаме за една нова институција која во суштина самите медијатори ги познаваме во областа на политиката, отколку во судството. Ние сме сведоци на тоа дека, за жал, сме пренезадоволни со начинот на решавање на споровите од областа за која се овластува судството со овој закон и медијаторот. Но, треба да направам една дијагонала дека не мислам има спротивност на еден ваков закон. Значи, во начело мислам дека во досегашната пракса се покажува дека не е спроведлив за нашите македонски услови. На крајот на краиштата сите тие кои се правници по вокација, но и министерот треба да знае дека со поранешниот начин на постапката на стопанските комори, ние имавме арбитража. Тие се на крајот на краиштата граѓански иницијативи. Медијаторите во суштина се една граѓанска иницијатива или условно е иницијатива на странките во спорот. И, доколку некој сака својот спор да го реши во вон судска постапка, ние обично имаме Деловник на Стопанската комора за решавање со арбитража на спорови. Затоа, сега се поставува една дилема, дали ова е една паралела од свој тип во судството, бидејќи имаме еден феномен, за што институцијата се основа со закон. Во законот се утврдени и неколку услови од задолжителна природа. Медијатор не може да биде никој, освен кој не ги исполнува условите предвидени во овој закон. Но, се поставува прашањето доколку јас со некого се договорам еден спор да го решам преку медијатори, јас нормално спорот ќе му го доверам на лицата на кои им верувам. Тие можат да не ги имаат тие квалификации кои ги бараа и ги наметнува законот, но еве ја уживаат мојата доверба како странка. Во овој случај што е посилно, довербата на странките кои сакаат да решат еден спор или обврската која ја наметнува законот. Значи, овде имаме противречности. Во досегашната пракса, за жал, во наши услови арбитраризмот е како феномен на решавање, вонсудско решавање на споровите и нефункционираше медијацијата релативно во политиката, биле успешни. Но, во судската пракса медијаторите не биле и не се посебно во условите, ќе нагласам во нашите услови на

постапки и на претприемништвото. Затоа, мислам дека, бидејќи се работи, за прва фаза може институцијата, но и Парламентот и Владата да предложат закон со кој ќе се уреди оваа област, вонсудска област, но не со правила кои ќе ја задолжат иницијативата на странките кои одлучуваат преку арбитража, консилација и преку медијатори да го решат нивниот спор. Значи, државата треба да се откаже од мерките од задолжителна природа. На крајот на краиштата, затоа оваа иницијатива треба да и се остави на инситуциите вон владини, што значи тие да се занимаваат со прашањето на решавањето на вон судските спорови. Се знае како се решаваат овие постапки, па затоа споровите кои имаат взаемен интерес на странките кои зависат од желбата на странките, сметам дека ова треба да им се остави на странките да го решат тоа. Уште еден феномен да се расправа кој недостасува во законот, а тоа е како ќе се спроведе одлуката на медијаторите, која исто така има пишана форма, кој ќе го гарантира. Ќе гарантира имплементацијата, извршувањето итн. Ви благодарам господине претседателе.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Насуфи.

Повелете господине Манев, имате збор.

**Ефтим Манев:** Благодарам претседателе,

Почитувани колеги пратеници, почитуван министер.

По однос на Предлог законот за медијација сметам дека е еден квалитетен закон таков да се предложи, но целите со него кои се замислени, се квалитетни и добри. Меѓутоа, мислам дека за еден вака краток временски период, рок што се предлага законот е лоша работа и сметам дека не треба овој закон да помине истовремено и прва и втора фаза, за што сметам дека ќе има прилично пропусти. Едноставно, ние се согласуваме да донесеме еден закон па потоа ќе го менуваме. Сепак, требаше овој закон да влезе во Собраниска процедура, веројатно, уште на почетокот на годината и да оди во две фази, да го чуеме мислењето на судовите, на адвокатурата, на одредени граѓански асоцијации. Сето ова го правиме како да го наметнуваме ние законот, оти вака треба да се работи, ако е нешто ниту е задолжитгелно, ниту е облигаторно по однос на оние зафати кои се предвидени во Законот, а се со цел да се избегнат одредени трошоци во судската постапка, да се намалат судските предмети, а со тоа да им се помогне на граѓаните кои чувствуваат дека има потреба од некаква судска постапка, водење на некој спор, а да побараат помош од страна на некои од медијаторите. Во конкретниот случај, а и тоа што е пропишано со законот дека медијатор може да биде секој граѓанин кој завршил високо образование и да има пет години работно искуство, што сметам дека е сепак една лоша работа. Не може да биде посредник за едни работи, за едни идни спорови кои што ќе настанат меѓу граѓаните, човек кој што е прилично далеку од судската материја. Може само да им донесе непријатности на одредени граѓани кои ќе побараат таква услуга и нема да ја постигнат бараната спогодба помеѓу мадијаторите и потоа треба да оди на суд, а ќе му остане нешто во неговата глава од тоа што зборувал некој медијатор дека сакал да помогне да се реши случајот на ваков или на онаков начин.

Сметам дека адвокатурата не треба да биде издвоена од медијатурата и сите адвокати треба да се пријават и тие во таа комора која се предвидува и може најмногу да помогне, јас сметам во тој дел, и со посредство на двајца адвокати за едниот кој што ја иницира таквата постапка и кога ќе биде повикана од адвокатот, странката која иницира такво нешто, или е во фаза да поднесе тужба, другата странка, веројатно, и таа ќе ангажира свој адвокат медијатор, за да можат да го решат случајот надвор од судот. Во другите случаи ќе биде прилично тешка работа и сметам дека овој закон ќе има еден почеток, без да има некои квалитетни решенија и ќе уследи дека многу брзо ќе треба да има менување во него.

Јас го поддржувам како иницијатива за донесување на закон, но за донесување и на предлогот, сметам дека е дефектен. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Збор побара министерот за правда.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, целите кои треба да се постигнат со реформата на правосудниот систем во Република Македонија се јакнење на независноста и зголемување на ефикасноста во работењето на судската власт.

Тргнувајќи од овие цели, во Министерството за правда и во Владата на Република Македонија оваа и изминатава година, интензивно се работеше на сите реформски закони, најнапред почнувајќи од уставните амандмани, кои во најголема мера значат јакнење на независноста на судството. Сите овие закони што се во собраниска процедура во моментот, а Законот за судови е веќе донесен, овозможуваат остварување на овие цели и токму затоа, со цел да овозможиме сите закони да бидат донесени во еден пакет, со цел да овозможат нивно имплементирање и да овозможат вистинска реализација на реформите и Законот за медијација, иако крајниот рок за донесување е месец јуни 2006 година, а Владата го утврди текстот и го достави до Собранието со цел да може да биде донесен и да се применува заедно со останатите закони, што се дел од овие пакет закони.

Се работи за материја која во најголем број од земјите кои се со развиени демократии, не постојат законски текстови, затоа што оваа материја е дел од една долга правна традиција која постои во тие држави, но во земјите во транзиција, секаде изминативе години беа донесени вакви закони, со цел да се овозможи

зголемување на ефикасноста во судското работење преку воведување на медијаторството.

Токму затоа, во моментот сметаме дека Република Македонија за да може да се овозможи функционирање на медијаторството, најнапред потребно е  да се донесе закон во кој ќе има само општи рамки, врз основа на кои понатам ќе може да се организираат и да работата медијаторите, за што има основни одредби во законот. Значи се работи за материја која не треба и не е исклучиво законска материја во државите.

Предлолгот за донесување закон за медијација го донесовме, значи Владата истовремено предлага со Предлогот за донесување на закон и Предлог закон, затоа што сметаме дека се работи за закон кој не е обемен, не се работи за сложена материја и затоа сметаме дека може во скратена постапка да се донесе. Законот овозможува промовирање на медијацијата како вонсудска постапка за решавање на спорови за слободно изразена волја на страните со помош на трето неутрално лице кое им помага на страните да изнајдат решение во спорот по пат на преговори.

Во Законот се дефинирани точно условите што можат да ги исполнуваат медијаторите и во членот 10 стои дека медјатор е физичко лице кое помага на страните да постигнат спогодба, но истовремено во истиот член предвидено е дека медијатори можат да бидат адвокати, дипломирани правници, или лица од друга професија, во зависност од видот на спорот, кои завршиле обука за медијатори и ги исполнуваат условите кои се предвидени, а тоа е високо образование, работен стаж и така натаму.

Значи, повторно во законот се овозможува доминација на правната струка преку дефинирање на адвокатите и дипломирани правници, како можни медијатори.

Предвидена е можноста и други лица од друга професија дека можат да бидат медијатори, токму заради природата на споровите што можат предмет на медијаторство. Самите стрнки ќе одлучуваат кој ќе биде медијатор, бидејќи основно начело во медијаторството е двете страни спогодбено да донесуваат одлуки за прашањата за кои што ќе се спогодуваат.

Доколку природата на спорот е од некој друг вид, односно од некоја друга област, каде што правната струка е малку подалеку, тогаш самите странки ќе одлучуваат кој да биде медијатор.

Токму затоа, сметаме дека на овој начин со вклучување покрај на правници и на други лица компетентни од други области, ќе се овозможи странките побрзо, поефикасно со медијаторство да ги завршат нивните спорови.

На крајот, овој начин ќе овозможи намалување на бројот на предметите во судовите, а тоа ќе влијае на благовремено решавање на предметите и правните прашања за кои меѓу стрнките постојат спорови. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Лалчевска повлете имате збор.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе,

Се согласувам Македонија да донесе закон за медијација, да ги уреди односите во оваа сфера, ова е новост во нашиот правен систем, нешто во законски рамки или од една добро изградена традиција која веќе во многу демократски земји функционира и пред се, во функција на завршување на спорни работи на странките без одење на суд, со тоа се намалува притисокот на судот за решавање на спорови за кои може да се постигне договор по пат на медијација.

Начелно да, се согласувам со таков закон, меѓутоа она што ни се нуди во предлог текстот на законот е со големи фалинки што го доведува и концептот на самото медијаторство. Значи, колку ќе успее со еден ваков закон, јас навистина, останувам без одговор и н покрај неколку пати разгледување на овој закон. Има такви фалинки во Предлог текстот, што ја доведува во прашање целата замисла и успешноста на нешто што како новина ја воведуваме во нашиот правен систем.

Ќе дадам поддршка на предлогот, меѓутоа, не и за текстот. Се согласувам апсолутно, со претходниот говорник господинот Ефтим Манев дека ова е закон кој треба да оди во две фази, за кој треба да дебатира стручната јавност за кој треба да даде свое мислење. На еден многу чуден начин дојде во Собранието ваквиот закон, без претходно да има никаква најава, овој закон се појави во Собранието.

Мислам дека кога воведуваме нешто во нашиот правен, полилтички систем како новост, заслужува да биде дебатирано барем најмалку од стручната јавност и да биде запознаена јавноста во Македонија што е таа новост што се внесува во нашиот систем. Околу решенијата што се предложени во текстот, што е тоа што најмногу ми дава за право да верувам дека концепциски е лошо поставено.

За услови за медијаторство, тука е предвидено дека медијатор може да ги исполнува следните услови. Да има завршено високо образование.

Јас апсолутно, не се согласувам дека било кој високообразовен човек може да биде медијатор. Ценам дека треба да одбереме концепт во кој медијаторот треба да биде човек кој има познавања апсолутни од правниот систем, односно од постапките во судот што се водат, за да знае дека нема потреба странката да се изложува да оди на суд, туку таквиот спор кој го има странките можат да го решат со посредување на медијатор.

Не можам да сфатам кој е интересот. Тука е наведено дека и адвокатот, дипломиран правник и од друга професија. Каков е интересот на еден адвокат да биде медијатор. Ако имате адвокат кој ќе биде медијатор, верувајте ми дека во најголем број случаи со 99% сигурност тој ќе ги упати странките да одат на спор, затоа што кога тој би ги застапувал во судски спор, неговиот бенефит ќе биде поголем, отколку кога би бил медијатор во спорот. Значи тука не гледам дека успешно

адвокатот ќе ја заврши таа работа. Затоа што крајниот бенефит е тоа што ќе тежнее.

Мислам дека медијатори треба да бидат правници, таков концепт да изградиме, а да им се даде законска можност да користат експертизи на други професии, други стручњаци, доколку се работи за определен спор.

Инаку, вака поставени работите , да не бидам многу груба, да не ни се случи да имаме, под наводници ќе кажам, некое рекетарство во заонски рамки.

Мислам дека предлагачот требаше порано да го достави овој предлог во Собранието, да го издебатираме , бидејќи една ваква новост во нашиот систен, навистина заслужува да се издебатира, а не експресно на една седница и Предлогот за донесување на закон и законскиот текст кој има многу празнини, концепциски е доста лошо посттавен и мислам дека многу брзо ќе се менува, туку и ќе застрани во некој недозволен правец.

Затоа нема да дадам поддршка за текстот на законот. Очекувам предлагачот да го повлече да оди во нормална постапка за донесување на закон. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, бидејќи треба да гласаме по заклучокот.

Присутни се 62 пратеника.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за медијација.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 63 пратеника гласале 54, 53 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Присутни се 64 пратеника, гласале 48, 43 гласале за, 1 воздржан, 4 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман за бришење на членот 37, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни пратеници, 53 гласале, 49 за, 1 воздржан, 3 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за медијација.

**Минуваме на точката 19 - Прелдог на закон за Судскиот совет на Република Македонија.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 11 алинеја 2, член 13 став 3 алинеја 6, член 14, став 3, член 16 алинеја 6, на насловот пред член 18, член 18 ставови 3 и 6, член 27 ставови 1 и 2, член 31 алинеја 8, член 33 за додавање нова реченица во ставот 2, член 36 за бришење на алинеја 5, член 43 ставови 1 и 2, член 46 став 3, член 52 став 2, член 56 во воведната реченица, член 58 став 4 во воведната реченица, член 61 став 2, член 62, член 64 став 3 алинеја 1, член 70 за додавање нов став 1 и за заменување на местата на членовите 71 и 72, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Жарко Караџоски поднесе амандмани на член 16 став 1 за бришење на алинеја 3 и на член 69 за менување на став 1, по кои Владата не се произнела.

Прратеникот Илјаз Халими поднесе амандмани на член 28 став 5 и на член 46 за менување на став 1.

Пратениците Силвана Бонева и Илија Китаноски поднесоа амандмани на член 8 став 3, член 40 став 1, член 42 став 2, член 43 став 2, член 44 став 1 за бришење на член 60 и за менување на член 68 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Рафис Алити, Аднан Јашари и Селвије Салиу поднесоа амандман на член 11 алинеја 1, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 3 поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китаноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јорадановски:** Амандманот не се прифаќа.

Госпоѓо Бонева имате збор.

**Силвана Бонева:** Благодарам претседателе.

Овој амандман го поднесовме со една единствена цел, бидејки претседателот на Советот се избира од редот на Советот со мнозинство гласови и тоа на тајно гласање од вкупниот број на членови, предлагаме со овој амандман мандатот на претседателот на Советот трае 3 години наместо

2 години заради континуитет во работата на претседателот на Советот. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Службите нека го утврдат бројот на присутни пратеници во салата, па ве молам седнете, треба да гласаме.

(По утврдување на бројот на присутни пратеници во салата од страна на службите).

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Благодарам, во салата сега има 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен, 56 пратеника гласале, 8 за амандманот, 2 воздржани и 46 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 11 алинеја 1, поднесен од пратениците Рафис Алити, Аднан Јашари и Селвие Салиу.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за правда.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 1 за бришење на алинеја 3, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за правда.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен, 52 пратеника гласале, 3 за, 1 воздржан и 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 28 став 5, поднесен од пратеницикот Илјаз Халими.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за правда.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Халими, имате збор.

**Илјаз Халими:** Се говори за членот 28 став 5 од Законот, каде што се говори за давањето на свечената изјава од страна на припадниците на Судскиот совет, односно Републичкиот судски совет. Таму се вели дека свечената изјава ја даваат на македонски јазик, ја потпишуваат на македонски јазик избраните членови на Судскиот совет, додека што се однесува до членовите на Судскиот совет кои припаѓаат на етничките заедници чиј општ број на населението е над 20%, се овозможува само да го потпишат текстот на свечената изјава на мајчиниот јазик. Ова мислам дека не е во ред, а за тоа говоревме и на седницата на Комисијата за политички систем. Нормално дека ми е познат ставот на госпоѓата министер, затоа што уште тогаш се изјасни дека тоа е неприфатливо, меѓутоа, бидејки тука имаме можност како пратеници да одлучиме или да направиме исправка на овој текст кој што е во однос на членот 28, затоа би апелирал до сите пратеници да го подржат овој амандман, со што ќе се уреди ова право припадниците на Судскиот совет кои припаѓаат на заедницата која учествува со над 20% во целосното насление во Република Македонија, свечената изјава да ја дадат и на својот мајчин јазик, освен тоа што ќе го потпишат текстот на свечената изјава на својот мајчин јазик. Ова се заснова се разбира и на Уставот на Република Македонија, амандманот 5 точка 1 алинеја 2 од Уставот, кој го уредува ова прашање, каде што се говори дека друг јазик кој што го говорат над 20% од жителите на Република Македонија исто така е службен јазик. Значи неразбирливо е свечената изјава да биде на македонски јазик, а само да го потпише текстот на мајчин јазик. Текстот не е во корелација и можноста на давање на свечената изјава и на мајчин јазик.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник, гласале 51, 10 пратеници гласале за амандманот, 1 воздржан и 40 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандмнаот.

Отворам претрес по амандманот на член 40 став 1, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за правда.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Госпоѓо Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

За да биде појасно што е тоа што го бараме со овој амандман, јас ќе го прочитам членот 40 кој што зборува за избор на судија на Основен суд. Во ставот 1 се вели дека Советот избира судија на основен суд од листата на кандидати доставена од Академијата за обука на судии и јавни обвинители што се јавиле на огласот.

Уште кога се донесуваше Законот за Академијата за обука на судии, јасно обрнавме внимание дека ако остане решението кое остана во Законто за Академијата за обука на судии, Академијата да дава ранг листа на кандидати во која ќе утврди кој кандидат е прв на листата, тоа ќе значи дека тој кандидат освоил најмногу поени, значи рангирањето го прави Академијата, тогаш му се одзема правото на Судскиот совет да избира и да одлучува кој ќе биде судија што ќе биде избран. Значи едноставно се стеснува просторот за одлучување на Советот. Овде веќе имаме едно вакво решение кое само аминува што одлучила Академијата за обука на судии. Значи не избира судија на основен суд ако стои ваквото решение, дека Советот избира судија на основен суд од листа на кандидати, доставено од Академијата за обука на судии, тогаш тоа би значело дека само го потврдува она што го има кажано Академијата за обука на судии, односно дека првиот на ранглистата е избран за судија.

Ние со амандманот кој што го доставуваме сакаме да ги додадеме во овој став и зборовите, Советот да избира судија и од редот на другите кандидати што се јавиле на огласот. На тој начин се овозможува еднаков пристап на сите кандидати при изборот на судии за основен суд, можат и адвокати, и истакнати правници, значи не само оние кои се јавиле на огласот на Академијата за обука на судии туку и други истакнати адвокати и правници да можат да бидат ставени во оваа листа за избор, од која ќе се избираат кандидати за судии на Основниот суд. Благодарам.

(Со седницата продолжи да раководи потпретседателот Слободан Најдовски)

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Ристана Лалчевска.

Повелете госпоѓо Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе.

Овој член 40 е оној најдебатиран дел и во првата фаза на законот, затоа што меѓу овој Закон за Судски совет и Законот за судска Академија се појави тој спор дали реално изборот ќе го врши Судскиот совет или пак само ќе ја аминува ранглистата која ќе ја дава Академијата за судии. И во првата фаза многу долго дебатиравме околу ова прашање, бидјеки со решението кое што е содржано во другиот закон, односно во Законот за Академија, на некој начин му се ослабуваат уставните позиции на Судскиот совет, за кој во Уставот јасно и прецизно е кажано дека изборот на судиите ќе го врши Судскиот совет. Меѓутоа, со таа рангирана листа која што помина во Академијата, ние ја ослабнуваме уставната позиција на Судскиот совет и го доведуваме во позиција на аминувач на оној што е прв на ранглистата.

Затоа, со овој амандман што е поднесен се дава можност тоа решение на некој начин да се корегира, односно да се даде уставната надлежност на Судскиот совет од сите од листата, односно сите оние кои ја поминале Академијата може да избира, а не според она што е кажано во Законот за Академија. Мислам дека предлагачот требаше после толку силна дебата овој јазол меѓу овие два закони да го разреши, бидејки не е во ред она што во Устав е содржано како изворна надлежност на Советот да се ослабува со друг закон.

Затоа, ќе го пдоржам амандманот, бидејки дава некаква можност од сите на листата да изврши Судскиот совет избор, значи многу повеќе ја прецизира оваа одредба. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор и го заклучувам претресот по амандманот.

Во салата се присутни 60 пратеници, па молам пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

Благодарам, сега имаме доволен број на пратеници.

Преминуваме на гласање.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 62 пратеника, гласале 57 пратеници, 11 пратеници гласале за амандманот, нема воздржани и 46 против.

Констатирам дека Собраниеот не го усвои амандманот.

Процедурално, повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, во името на пратеничката група на СДСМ барам пауза од еден час.

**Слободан Најдовски:** Сега е 12,50 часот, објавувам пауза до 15,00 часот.

(Пауза)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,02 часот).

Љупчо Јордановски: Ги молам пратениците да влезат во салата.

Бидејќи претставникот на Владата е тука, отворам претрес по амандманот.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амадманот не е прифатен.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот по амандманот.

Ве молам да причекаме кворум.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

(Пратеници влегуваат во салата).

Сега имаме 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник 52 гласале,10 за, нема воздржани и 42 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 43 став 2, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен, госпоѓо Бонева повелете.

**Силвана Бонева:** Овој амандман доставен на член 43 став 2 кој што ја регулира материјата за правична и соодветна застапеност во изборот на судии и претседатели на судови.

Во ставот 1 се регулира ситуација кога советот избира судии и претседател на суд и Апелационен суд кој што се наоѓа на подрачје на единица на локална самоуправа каде што 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот.

Ставот 2 вели кога советот избира претседтел и судија на Врховен суд на Република Македонија одлучува согласно член 42, значи со 2/3 мнозинство од овој закон при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови кои што не се мнозинство во Република Македонија, односно тоа значи воведување на Бадинтеровиот принцип и при избор на претседател на Врховен суд и членови на Врховниот суд.

Сметаме дека ваквото решение не треба да стои во овој Предлог на закон заради тоа што ваква обврска не произлегува од Рамковниот договор и мислиме дека ваквото решение само ќе го отежне одлучувањето при изборот на судии и на Врховен суд и на претседател на Врховен суд.

Ако тргнеме од тоа дека Врховниот суд е највисок суд во државата сметаме дека основ за тоа кој ќе биде член односно судија на Врховниот суд и кој ќе биде избран за претседател пресудно треба да биде стручноста и од тие причини мислиме дека не треба да се блокира работењето на Врховниот суд со внесување на дополнителни одредби за одлучување со Бадинтеровото мнозинство при изборот и на судии за Врховен суд.

Од тие причини очекуваме поддршка од колегите пратеници. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Рафис, имате три минути за реплика.

**Рафис Алити:** Навистина мислам дека доколку колешката Бонева ова што го вели и мисли така тогаш не е во ред бидејќи треба да се врати во минатото зошто тие кои го изготвиле законот токму го предвиделе и Бадинтеровото мнозинство. Ако мисли да добие некој политички поен со ова мислам дека не е коректно тоа, бидејќи целата јавност и се познати ваквите дискусии во текот на овие четири години. Претставниците на оваа партија или овој пристап кој го прават во ова Собрание, на други места не го говорат ова, говори нешто сосема друго. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете една минута госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитуван колега не се работи за никакви политички поени. Јас го кажав нашиот став само по однос на едно прашање, а тука сите се согласуваме дека треба да го имплементираме она што е договорено во Охрид. Во Рамковниот договор нема обврска и во Врховниот суд на Република Македонија да се гласа со Бадинтерово мнозинство за избор на судии на Врховен суд.

Од тие причини е доставен амандманот до Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени други за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 61 пратеник 59 гласале. 13 гласале за, нема воздржани и 46 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 44 став 1, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата, министерот за правда.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен, госпоѓо Бонева повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам претседателе. И со овој амандман сакаме да го олесниме функционирањето на судскиот совет и бараме во ставот 1 каде што стои дека советот избира претседател на суд од пријавените кандидати судии на оглас за избор на претседател на суд со 2/3 мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на советот, наместо со 2/3 мнозинство, значи да се избрико "2/3 мнозинство" и со обично мнозинство да се бираат претседтелите на судовите. На тој начин сметаме дека нема да се отежни односно дека нема да се судрат судиите

на судскиот совет со блокирање на нивната рабта и да бидат доведени во состојба да не биде избран некој судија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Витановски имате збор, повелете.

**Јанќе Витановски:** Благодарам претседателе. Сметам дека одредбата во членот 44 каде што се вели дека советот ги избира претседателите на судот со 2/3 мнозинство е сосема во ред бидејќи опозицијата ВМРО-ДПМНЕ бара тоа да биде подемократски начин.

Истата одредба, односно во членот 42 за изборот на судиите советот ги избира со 2/3 мнозинство. Аналогно на тоа сметам дека поголема демократија има при изборот на судиите, односно при изборот на претседателите на судот советот да ги избира со 2/3 мнозинств. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо, Бонева повелете за реплика.

**Силвана Бонева:** Само да го потсетам колегата Јанаќе Витановски дека ние исто така бараме и во членот 42 каде што јасно е кажано како се носат одлуките за избор на судии од страна на судскиот совет и тука бараме наместо 2/3 мнозинство со обично мнозинство да се гласа при изборот на судии. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Витановски, повелете имате збор за контра реплика.

**Јанаќе Витановски:** Од причина што не се усвои амандманот на членот 42 аналогно на тоа останува и членот 44. Не може судија да се избира со 2/3 мнозинство, а претседател на суд да се избира со просто мнозинство. Од тие причини јас реков дека ова е сосема во ред и дека тој амандман не е во ред.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени други за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги замолувам пратениците да влезат во салата.

Присутни се 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник, 54 гласале,11 за, нема воздржани, 43 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

(Со седницата продолжи да раководи Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија)

**Слободан Најдовски:**

Отворам претрес по амандманот на член 46 за менување на став 1, поднесен од пратеникот Илјаз Халими.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

Повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Мавровски Спиро.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам потпретседателе.

Почитувана министерке, досега многу пати ова Собрание избирало судии поротници и сме дошле во ситуација само за кратко време откако сме ги избрале истите да поднесат оставка поради најразлични причини. Како се избрани и што се избрани тоа не знаеме и не можеме да го знаеме, но нашето за беше пресудно многу од нив да станат судии поротници.

Со овој амандман мислам дека се предлага нешто што апсолутно не гледам причина да не го прифатите, затоа што начинот на кој што стои во Законот, избори и разрешување на судии поротници, каде што за сето ова сега е во ред да одлучува Советот, апсолутно е исправно, затоа што тоа е дел од вашата бранша. Но, имаме еден проблем. Советот го утврдува бројот на судиите поротници по предлог на претседателот на судот за кој се избираат судиите поротници. И, сега, на предлог на претседателот на судот да биде тој што ќе одлучува, кој, колку поротници ќе има, кога ќе биде разрешен од функцијата поротник и тука се завршува. Мислам дека предлогот и овој амандман што е поднесен во членот 46 предвидува формирање на посебна комисија во рамките на судот, која што би утврдила и би ги проверила сигурно овие членови за судии поротници и еднаш да се постави ред во однос на нивниот избор, на нивното разрешување и нивната работа. Јас знам дека нашето судство не е она што е, да речеме, во Америка или во Англија, дека тие судии поротници во многу ситуации немаат некоја поголема функција, но на ваков начин мислам дека апсолутно се се сведува на претседателот на судот кој може да одлучи апсолутно за се. Мислам дека може да се најде начин да се формира ваков совет кој што ќе биде одговорен за овие судии поротници. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор и го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеници, 56 гласале, 11 за, нема воздржани, 45 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 60, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китаноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

Повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Бонева Силвана.

Повелете госпоѓа Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам потпретседателе.

Сакам да им скренам внимание на колегите пратеници дека членот 60 фактички ја уредува материјата која што се однесува на правото на жалба против одлуката која што ја донесува Судскиот совет. Во ставот 1 се вели дека против одлуката на Советот, судијата има право на жалба до Советот за одлучување по жалбите на Судскиот совет против решенија за разрешување или изречена дисциплинска мерка, формиран при Врховниот суд на Република Македонија. За да биде појасно да образложам дека кога го носевме Законот за судовите, кога дискутиравме по предлогот на законот, јасно укажавме дека не може Врховниот суд на Република Македонија да одлучува по жалби против решенија на Судскиот совет од една единствена причина односно Врховниот суд да формира, да именува Совет, значи тој да прави тело - Совет кое што ќе одлучува по жалбите на Судскиот совет. Бидејќи, сите членови кои ќе бидат во тој Совет, вклучувајќи ги и судиите на Врховниот суд и судиите на Апелациониот суд и судиите на судот кој што против судијата се води постапката, сите тие се именуваат, се разрешуваат и нивното работење се следи од Судскиот совет. Нелогично е еден орган кој што е претпоставен над сите нив, за неговите одлуки да одлучува некој совет кој што е составен од судии, кој ги именува, разрешува и за нивната работа одлучува Судскиот совет.

Од тие причини реагиравме уште при носењето на Законот за судовите и тогаш кажавме дека принципиелно е Врховниот суд да не може да одлучува, ниту пак да именува совет што ќе одлучува по жалби против решенија на Судскиот совет.

Од тие причини бараме да се брише и ставот 1 и ставот 2 каде што се вели дека Советот за одлучување по жалба е составен од 9 члена, од кои што тројца судии на Врховниот суд, четворица од судиите од апелационите судови и двајца судии од судот од кои е судијата против кој што е водена постапката. Значи, од причините кои што ги наведов, сметаме дека безмислено е прво, постоењето на ваков совет и дека против одлука на Советот не може да одлучува ваков совет составен од судиите на Врховниот, Апелациониот и Основниот суд. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Стојаноски Блаже.

Повелете.

**Блаже Стојаноски:** Јас сакам да се приклучам кон предлагачите на овој амандман, со тоа што навистина не знам зошто Министерството за правда не напишало дека жалба може да се поднесе до министерот за правда и би се завршила целата процедура. Затоа што, ако веќе се прекршува Уставот, тогаш може да се прекршува онака како што смета дека е најцелисходно оној кој што го предлага овој закон. Што сакам да кажам? За да може едно тело да одлучува по жалба против одлуките на пониско тело, како што е нормално, бидејќи во прв степен одлучува пониско тело, второстепено треба да биде повисоко тело.

Морам да направам споредба на составот на Советот за одлучување по жалба на одлуката на Судскиот совет, кој што е составен од 9 членови, од кои што тројца судии на Врховниот суд на Република Македонија, четворица судии од апелационите судови и двајца судии од судот од кој е судијата против кој е водена постапка. Кој е легитимитетот, на кој начин се врши изборот, кои се условите и критериумите кои што треба да ги исполнуваат овие членови на Советот за одлучување по жалба и врз основа на која уставна одредба е утврдено дека по одлуките на Судскиот совет може да се изјави жалба до вакво тело. Зашто, логично е, ако веќе треба некој да одлучува по жалба против одлука за разрешување, тогаш можеби би било многу поцелисходно тоа да биде орган, како Комисијата за прашања на избори и именувања при Собранието на Република Македонија или самото Собрание. Затоа што, само на тој начин може да се обезбеди двостепеност согласно хиерархијата на надлежности кои што постојат согласно Уставот на Република Македонија во државата. Затоа, сметам дека овој амандман е целисходен и не може со една одредба да се дерогира позицијата на целиот судски совет и само да ве потсетам дека за да може еден член да биде односно или еден судија да биде член на Судскиот совет, треба да се направи оценка за неговата работа во последните три години. Има оглас, има избор и сите оние процедури кои се однесуваат на начинот на избор на Судскиот совет, а од друга страна само со еден член велите, против одлуката на Советот судијата има право на жалба до Советот за одлучување по жалби и на тој начин со одлука дека Судскиот совет неправилно утврдил материјална фактичка состојба или процедурално направил грешка, може да се дерогира целокупната негова активност и одлука која што ја донел во контекст на разрешување на одреден судија. Иако, тука ако веќе се сакало во целост да се направи една контрола на оваа процедура, тогаш требало да се утврди начин на контрола на работењето на судиите, како што има случај во некои други западно европски земји, пред се, членки на Европската унија, каде што има посебни инспекции судиски инспектори кои вршат контрола на работењето на судиите и на тој начин Судскиот совет не одлучува само врз основа на некаква пријава или на одредена неутврдена фактичка состојба на лице место, туку тоа го

прави врз основа на пријава која што треба да дојде до него од страна на овластено лице. Овој начин, како што сега е наведено, дефинитивно во ниеден случај не може да гарантира за независноста на судиите и буквално секој оној кој што ќе поднесе барање за разгледување на одговорноста на одреден судија, доколку Советот одлучи дека тоа не е доволно за да биде разрешен односно не ги исполнува критериумите за разрешување, дефинитивно Советот за одлучување по жалба може да каже дека тој судија треба да биде разрешен, независно од одлуката на Судскиот совет. Ова треба да се надмине. Решение за ова нема. Вака како што е поставена ситуацијата, согласно овој член 60, решение нема. Затоа, овој член 60 треба да се брише.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојановски.

Има збор министерот за правда, госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

Повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Почитувани пратеници, решенијата што се вградени во законот се согалсно Повелбата за статусот на судиите на Советот на Европа. Само да ве потсетам дека кога ги разгледувавте овде во Парламентот уставните амандмани, мислењата и ставовите од Венецијанската комисија, кои ние како држава ги побаравме со цел амандманите да бидат усогласени со меѓународните препораки, едно од укажувањата беше дека не треба да биде дефинитивна одлуката на новиот совет што ќе одлучува за прашањата за именување и разрешување на судиите. Токму затоа вградуваме вакво решение кое овозможува по жалба во случај кога ќе се донесе одлука која не е поволна за судиите да може да изјават жалба, а и препораките се да не биде истиот орган. Значи, кога размислувавме во Министерството за правда кое да биде телото што ќе одлучува по жалба, бевме ограничени и не можевме да оставиме можност Судскиот совет да одлучува и по жалба, а во никој случај не смее да ги оставиме судиите согласно меѓународните стандарди и препораки без право на заштита. Токму затоа предвидовме вакво решение кое не овозможува, ниту пак некој суд или било кој дел од судската власт да одлучува, туку посебно тело кое ќе биде составувано од судија од Врховниот суд, од апелационите судови и од судот од каде што е судијата за чие право се одлучува, со цел овие комисии да се формираат за секој поединечен случај посебно. Сметаме дека на тој начин ќе може во една безсубјективност во една објективна постапка да бидат заштитени правата на судиите. Целта на оваа одредба е да се заштитат судиите од неосновано разрешување само од страна на Судскиот совет, туку мора според меѓународните стандарди да имаат право на жалба.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Стојаноски Блаже. Повелете.

**Блаже Стојаноски:** Министерката за правда навистина не ми одговори на кој начин ќе се избира советот за одлучување по жалба, врз основа на која уставна одредба е дефинирано ваквото тело. Не е работата дали предлагачот сметал дека е потребно да се почитуваат насоките на Венецијанската комисија и заради тоа да се внесе во законот одредба која што нема уставна основа. Значи, тоа не може на ваков начин да се реши ова прашање, зашто како што кажав, навистина се работи за жалба по одлука на највисок орган за кој што вложивме многу труд, за да можат да се изградат критериуми за избор на неговите членови. Самиот негов избор и функционирање треба да биде во што поголема независност, ако можам така да кажам, или баланс помеѓу законодавната, извршната и судската власт.

Од друга страна, не може во Државниот судски совет имаме на непосреден начин избрано осум судии, имаме седум други членови, па нивната одлука сега може да се поништи од страна на четворица судии од апелационите, тројца на Врховниот суд и двајца судии од судот од кој е судијата и против кој е водена постапката, без никакви критериуми кои ќе бидат тие судии, како би се избрале или како што велите, атхок од случај до случај ако се бира, тогаш навистина се поставува прашањето кој е тој што ќе го бира овој совет односно членовите на овој совет. Затоа што, со одредбата дека претседателот на Врховниот суд на Република Македонија не може да биде член на советот од ставот 1 на овој член, единствено е решено прашањето дека не може претседателот на Врховниот суд да биде член на советот. Меѓутоа, како се одбираат другите судии, членови на овој совет, не е решено со овој закон. Тука е проблемот и затоа јас предлагам ова решение да го корегирате на начин што ќе биде согласно со уставните амандмани и на начин кој што ќе нема да предизвикува дерогирање на одлуките кои што се донесени од страна на орган кој што навистина има многу поголема тежина, отколку овој совет, за кој што не знаеме како ќе се формира.

Инаку, целта за двостепеност, јас се согласувам дека требало да биде предвидена, меѓутоа, вака не може да се решава прашање.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за министерот за правда. Повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Овие одредби се содржат во Законот за судови каде што се предвидени надлежности на Врховниот суд.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Лалчевска Ристана.

Повелете госпоѓа Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе.

Овој член 60 е исто така еден од тие дебатни членови, кој што ниту се вклопува во нашиот правен систем, бидејќи според нашиот систем по

жалба, постои хиерархија во нашиот правен систем и по жалба на понизок орган може да одлучува хиерархиски повисоко поставен орган. Овде со овој член 60, тоа општо правило во нашиот систем се нарушува. Јас навистина ја ценам Повелбата за статусот на судиите, што ја спомна министерката, исто така ги видов препораките кои кажуваат дека одлуката на советот не може да биде последна, меѓутоа, овие акти и препораки сме требале да ги имаме во предвид уште во времето кога пристапивме кон уставни измени кои ќе овозможат реформа во судството. И уште тогаш во уставната рамка сме требале да вградиме решенија кои ќе не доведат до остварување на овие препораки и на оваа Повелба. Ние тогаш говоревме дека во пакет мора да ги имаме предвид и законските решенија кои ќе ги следат тие уставни измени, но министерката тврдо ни советуваше дека се ќе биде во ред. Сега, испадна дека не е се во ред, бидејќи ни се нудат решенија кои се во мала рака апсурдни.

Прво, она што го зборував за хиерархиската поставеност е една работа, а друго ние со една ваква одредба ја поместуваме или дерогираме уставната поставеност на Судскиот совет. Ние ги изгласавме тие уставни измени и таква улога му дадовме на Судскиот совет.

Сега со една одредба ние ја поместуваме таа уставна поставеност на Судскиот совет и сега наеднаш, за да ги задоволиме тие препораки кои требало да се имаат предвид уште при пристапувањето кон уставните измени за реформи во судството, таков систем да градиме , сега ние измислуваме и нудиме решение на Совет кој ќе одлучува по жалби, кој воопшто во нашиот правен систем ни во уставните рамки не е спомнат и според мене е атхок тело.

Сега значи, на уставната поставеност на Советот се спротивставуваме по жалби на негови одлуки да одлучува адхок тело. Тоа е навистина многу хаотично решение и многу е за размислување што таквите актхок тела ќе донесат во нашиот правен систем. Да не ни се случи наместо посакувани реформи во судството да предизвикаме хаотични состојби. На еден Судски совет што го псотавивме така високо со уставните измени, сега да му се спротивставуваме со атхок тела, кои на некој начун ќе ги контролираат неговите одлуки, затоа што одлучуваат по жалба на оние кои не се задоволни со одлуките на таквото тело. Значи стратегиски од старт сме ја погрешиле госпоѓо министерке, работата и затоа сега ни нудите вакво решение кое апсолутно не е прифатливо. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Краџоски Жарко.

**Жарко Караџоски:** Благодарам господине потпретседателе. И јас се придружувам кон предлагачите и кон колегите кои што овој амандман го поддржаа и би сакал на некој начин и јас со својата дискусија да придонесам кон онаа аргументација која во најголем дел ја кажаа колегите.

Најнапред јасен е ставот на Повелбата и грижата на сите во рамките на овој процес да се воведе двостепеност во носењето на одлуките и тоа е залочба и Уставна и меѓународна. Логично е што во таа Повелба, на Венецијанската комисија инсистираше да се воведе една ваква двостепеност. Да не заборавиме да ги донесеме уставните измени и пред да го донесеме овој закон, пред да се предложи, во Република Македонија при разрешување на судии, односно при избор на судии не постоеше двостепеност. Логично беше да имаме една таква повелба која ќе не опомени дека во идните измени и реформи, треба да дадеме простор за двостепеност. Јас тоа го дискутирав и кога беше првата фаза и во овој закон и посочив одредени примери како тоа се решава во други земји, кога изборот или разрешувањето на судиите беше во рамките на Собранието.

Значи, само да потсетам, предлагач на разрешување на судија беше за негово разрешувае Републичкиот судски совет, Собранието го разрешуваше и процедурата завршуваше. Разрешениот судија немаше право ниту на жалба, ниту на управен спор против одлуката на Собранието. Тука јасно беше дека не постои двостепеност.

Ако сега сме се определиле да воведиме двостепеност, треба да правиме навистина, всушност, да сфатиме во суштина што е двостепеност.

Значи, ако има еден орган право да именува и да разрешува, тоа е Судскиот совет. Оној орган кој што ќе постапува по правото на жалба на еден таков кандидат, односно судија, во секој случај треба да има барем приближно ист ранг со оној орган кој што го разрешува или именува, конкретниот судија. А не помал ранг. Во оваа ситуација ваквиот орган, како што го нарече колешката Ристана Лалчевска, атхок тело, со што јас апсолутно се согласувам, има многу понизок ранг, отколку самиот Судски совет, имајќи ги во предвид самите амандмани и одредби што ги поставивме во самиот Устав. Да не зборуваме сега, која е улогата на самиот Судски совет . Ние и со Уставот и со уставните амандмани го дефиниравме како еден посебен орган во рамките на судската власт, орган кој што е над судството, над судовите итн, орган кој што со своите надлежности треба да искреира многу надлежности во смисла на независно и ефикасно судство. И не случајно при составот на Судскиот совет водевме сметка да има застапеност од сите власти, од сите категории, Влада, Парламент, независно судство итн, овој орган да претставува еден респективен и еден авторитативен орган. Сега дури и тука се расправавме дали може да биде претседателот на Врховниот суд, претседател на Судскиот совет. Добро е што тоа решение отпадна , затоа што тврдевме и сега тврдиме дека Судскиот совет на Република

Македонија е многу повисок орган од Врховниот суд, затоа што е над сите органи и затоа што ако се најдеме во ситуација да треба да го разрешуваме претседателот на Врховниот суд, како ќе го разрешиме ако истиот е претседател на Судскиот совет. Добро е тоа што предлагачот го сфати. Но, нема логика сега ако Судскиот совет со целиот епитет, со целиот ранг што го има според Уставот , донесе одлука, да речеме, одреден судија да биде разрешен, заради нестручно и несовесно водење итн, на својата работа. Тој истиот да се жали кај некој орган кој е во рамките на Врховниот суд. Тоа е апсурд. Врховниот суд да не заборавиме е дел од судската власт. Судскиот совет на Република Македонија е над судската власт, некој кој ќе ја креира независноста, ефикасноста и правичното работење , да не речам законитото работење во рамките на судството. Тој е органот кој треба да ги казнува судиите, тој е органот кој треба да креира колку судии ќе имаме во кој суд итн. Во тој орган ќе седате претставници и на Врховниот суд и на апелационите и на основните судови, но и на Собранието на Република Македонија итн, како што тоа е утврдено во рамките на уставниот амандман.

Значи, да не се разбереме погрешно, двостепеност треба да има, но не на овој начин. Решението ќе беше логично ако концептот кој што го нуди предлагачот, каде што се зборува, ако читате внимателно, Законот има повеќе видови на комисии, кои што ги предвидел предлагачот, ја носат и одлуката за одговорност, односно за разрешување. Но неможе на некој начин затоа што според уставните амандмани само Советот е тој кој именува и разрешува. Затоа, концептот е нарушен иако предлагачот, односно Владата сакала да излезе со некакво решение во контекст на оваа поделба на Венецијанската комисија требаше да ја измисли или некој друг орган, или тоа право да го даде во рамките, да речеме на Управниот суд при покренување на управна постапка, но не во Врховниот суд да го вратиме назад и повторно при некоја комисија.

Нелогичен е и терминот "совет". Совет за одлучување по жалби. Цело време користите термин "комисија". Комисија за дисциплинска постапка , за утврдување одговорност ваква или таква, а овде совет за да се даде претстава дека овој орган е рамноправен со Судскиот совет. Значи, апсолутно контрадикторно и не знам ова решение како најде примена во практиката , а во секој случај ќе се судрите со проблеми.

Од тие причини, го поддржувам амандманот и можеби најдобро решение е во овој член во овој моемнт да се избрише, а понатаму Владата да размислува за нешто поадекватно и со свој амандман да придонесе за подобро решение. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Илија Китаноски.

**Илија Китаноски:** Благодарам потпретседателе.

Ќе ми дозволите на кратко да кажам само уште две тези во прилог на амандманот, односно во прилог на бршење на членот 60.

Првата е спомната од претходните излагачи, дека се формира едно атхок тело, што е практично поставено по дефиниција над Судскиот совет, што е апсолутно неприфатливо. Атхок по самиот негов состав, затоа што Советот одлучува по жалба, вели во ставот 2 од членот 60 е составен од 9 члена, од кои тројца се судии на Врховниот суд, четворица од апелационите судови, двајца судии од судот од кој е судијата за кој е поведена постапка. Значи, за секој поебен предмет кон конкретен судија, ше има нов состав на оваа Комисија. Навистина, во најмала рака е несоодветно едно вакво тело кое што нема да биде ни во постојан состав да биде поставено над одлуките на Судскиот совет.

Втората теза, исто така во прилог на овој амандман е дека практично на овој начин Врховниот суд се поставува над Судскиот совет, бидејќи тој го формира, министерката не упати на Законот за судови и точно е тоа дека во членот 37 од Законот за судови во една од алинеите, каде што се обврските односно на општата седница правата на Врховниот суд, се вели дека именува состав на Советот за одлучување по жалби против решение на Судскиот совет за разрешување на судија или изречена дисциплинска мерка , а што ако се работи за судија од Врховниот суд и ако против него е поведена постапка. Тоа значи дека во старт сите судии во Врховниот суд ќе имаат во најмала рака привилегирана позиција во однос на останатите судии низ кои што ќе биде поведена постапка, бидејќи сепак, Врховниот суд е тој што го определува телото, на кое во второстепена постапка ќе се жали токму еден од тие судии на Врховниот суд.

И треттата најважна причина е уставниот основ. Без разлика на сите силни препораки од страна на Европската Унија има можност да се направи веројатно, и уставна измена за да сепак покрај препораките на Европската Унија се почитува и Уставот и да се дефинира веројатно уште некое тело кое што би било и уставно дефинирано на некоја атхок комисија, која што ја дерогира улогата на Судскиот совет. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандмано т.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во ред. Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 14 за амандманот, нема воздржани, 47 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 68 поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китаноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Мери Младеновска-Георгиевска:**

Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифате.

Има збор пратеникот Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам потпретседателе ова е последен амандман од ВМРО-ДПМНЕ на членот 68 во кој што се регулира тоа дека платата на членовите на Советот, на генералниот секретар и на судските службеници, се определуваат со закон.

Ние сметаме дека треба да постои разграничување помеѓу членовите на Советот и државните службеници, кои што се дел од Судскиот совет и од тие причини, предлагаме членот 68 да се промени и да гласи: "платата на членовите на Советот се определува со закон, а за генералниот секретар и судските службеници, платата треба да им се определи според Законот за државни службеници".

Цениме дека ова е многу разумно решение и треба да се направи вакво разграничување. Од тие причини очекувам поддршка од колегите пратеници. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 62 пратеника, гласале 59, 11 за амандманот, нема воздр1ани, 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 69 за менување на став 1, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдвоски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Караџоски повелете.

**Жарко Караџоски:** Благодарам потпретседате

Јас сметам дека еден можеби од најдискутабилните членови во текстот на овој закон е членот 69 во преодните и завршните одредби, она што значи како ќе се формира првиот избор на членови на Судскиот совет на Република Македонија .

Морам да потенцирам дека во првата фаза, оваа беше тема која најмногу се дискутираше и беше онудено сосема друго решение. Таму стоеше решение дека првиот избор на членовите на Судскиот совет ќе го спроведе Републичкиот судски совет , сега постоечкиот, меѓутоа, тоа решение отпадна, најверојатно затоа што имаше најмногу аргументација од нас како пратеници, но и од поголем дел од јавноста дека тоа на некој начин нема да биде добро решение.

Сакам да нагласам дека заложбите и на овој закон и на претходните закони и на уставните амандмани е да имаме независно судство, да имаме избори и разрешување на судии кои ќе имаат многу малку влијание од политичката сфера, значи од политички аспект и заради тоа донесовме амандмани со кои го тргнавме Собранието од донесување одлуки за избори и разрешување на судии.

Сега кога најбитниот орган, а тоа е Судскиот совет на Република Македонија кој што треба да ги избира и разрешува судиите, треба да биде орган кој што ќе има доверба и кај самите судии, но и кај сите граѓани во Република Македонија, неговиот прв состав или прв избор да го спроведе едно тело каде што апсолутно доминација има Министерството за правда или да не речам, еден политички орган најчесто од политичка влада во Република Македонија, што го сметам и како партија, јасно ни е дека тоа е директно мешање во рамките на независноста на судството.

Се поставува прашање, оваа Комисија треба да го спроведе изборот на членовите. Секоја комисија, па и оваа, работи на принцип на гласање. Ако треба таму некој да се надгласува, секој пат доминираат оние пет претставници што ги има Министерството за правда, што значи дека директно ќе влијае врз изборот на членовите на Судскиот совет, или со оглед што во Република Македонија претежно, да не речам 100%, владите се политички, тоа ќе значи директна партиска, да не речам партиско мешање на онаа влада или на онаа власт на онаа партија која ќе го има мнозинството во тој момент.

Заради тоа предложив едно решение кое во овој амандман го нудам, кое сметам дека во секој случај е поправедно отколку ова што се нуди, а тоа е првиот избор на членовите на Судскиот совет на Република Македонија да го спроведе комисија формирана од Собранието на Република Македонија, а истата да биде изгласана со двотретинско мнозинство на гласови од вкупниот број пратеници и тоа во состав: три члена од Врховниот суд, три члена од Апелационите судови и, овде е пропуштено веројатно, три члена од претставниците на Републичкиот судски совет, што значи во секој случај кога имаме двотретинско мнозинство, значи дека нема да има можност ниту една партија која во тој момент е мнозинство во Република Македонија да наметне свое политичко влијание врз еден независен орган. Ние донесовме одлуки со двотретинско мнозинство да се именуваат и избираат судиите и претседателите на судовите, а една ваква битна комисија да не биде на тој начин.

Во секој случај, можеби ова мое решение не е најдобро, но она што го нуди Владата е апсолутно промашено. Од тие причини, а да немаме сомнеж дека се врши партизација во рамките на судството, мислам дека амандманот што го предлагам, каде што предлагам една таква комисија во рамките на Собранието на Република Македонија како претставнички орган, треба да биде прифатен. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор и го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата. Ова е последен амандман.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(Со седницата продолжи да раководи претседателот на Собранието, Љупчо Јордановски)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратеничките и пратениците да влезат во салата.

Се договоривме да работиме до 17,00 часот, тогаш ќе прекинеме, но до 17,00 часот да завршиме уште нешто. Веќе сме при крај со овој закон.

Благодарам, сега во салата е присутен 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник во салата, гласале 57 пратеници, за амандманот гласале 8, воздржани 2 и 47 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор?

Има збор госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Сосема накратко да го искажам нашиот став и по Предлогот на законот за Сускиот совет на Република Македонија. Една од основните причини за гласање на потребата од уставни измени во Република Македонија од страна на нашата пратеничка група беше и неминовната потреба од реформи на Републичкиот судски совет, односно во овој дел да се направат реформи во судството со кои ќе се гарантира да имаме еден независен орган кој ќе избира и разрешува судии во Република Македонија.

Оттаму, беше нашето согласување во првата фаза. Во втората фаза односно во последната фаза на уставните амандмани јасно е зошто не ги поддржавме уставните амандмани - токму од причина што сметавме дека позицијата на Судскиот совет не е доволно дефинирана и не оди во прилог на јакнење на независноста на судството. Ние баравме да има поголем број судии, судии кои самите ќе се избираат, а не само 8 како што е сега и овој сооднос на 8 судии кои сами се бираат од страна на судската фела и 7 други членови на Судскиот совет кои се избираат од Собранието на Република Македонија, кои се предлагаат од претседателот и министерот за правда заедно со претседателот на Врховниот суд, ценевме дека овој сооднос на 8 спрема 7 не е доволна гаранција за јакнење на независноста на судството и другите решенија кои беа дадени со уставните амандмани. Но сега реалноста е таа, ги имаме уставните амандмани и аналогно на тоа доаѓа овој закон за Судскиот совет

Ќе кажам само дека нашите амандмани одеа во прилог на подобрување на законскиот текст, јакнење и зацврстување на уставната позиција која сега му е дадена на Судскиот совет и појаснување на она што треба да го прави Судскиот совет, бидејќи многу дилеми останаа после донесувањето на Законот за академија за обука на судии. Од тие причини се поднесени сите наши амандмани. Цениме дека со текот на примената на овој Закон ќе се види дека треба сосема да биде поинаква уставната односно законската поставеност на Судскиот совет во однос на изборот на судии на Основен суд. Не е добро кога уставната поставеност на Судскиот совет е во правец на тоа дека Судскиот совет избира и разрешува судии. Со овој закон, фактички, се сведе Судскиот совет на аминувач на одлуките на Академијата за обука на судии, бидејќи тој мора да ја прифати ранг-листата и од ранг-листата да го избере оној кој го сервира Академијата за обука на судии. Оттаму, ние баравме решенија и сеуште има можност Министерството за правда да размисли дали не треба да се остави малку поширок простор на Судскиот совет, да избира од сите оние кои ќе се пријават, а не само од оние кои се дадени на ранг-листата на Академијата за обука на судии. Меѓутоа, не беше прифатен овој наш амандман.

Понатаму, цениме дека ќе се отежни работата на Судскиот совет со тоа што не се прифати двотретинското мнозинство при одлучувањето во Судскиот совет при изборот на судии да биде заменето со обично мнозинство. Цениме дека на тој начин сега може да дојде до блокада во работата на Советот и нема да може да се обезбеди мнозинство за многу предлози, па оттаму беше нашето барање за бришење на двотретинското мнозинство не само при изборот на судии туку и при изборот на претседатели на судовите.

Понатаму, многу сериозна беше нашата забелешка на членот 60 од Предлогот на законот, со кој сметаме дека се руши уставната поставеност на Судскиот совет во Република Македонија, се воведува едно ново тело од некој си совет и тоа неформално тело кое не е регулирано со Уставот на Република Македонија и тоа тело треба да одлучува по жалбите на судиите кои се жалат на одлуките на Судскиот совет. Тука имаме еден огромен апсурд, оние судии кои се избираат и разрешуваат од Судскиот

совет, оние судии кои подлежат на оценка за нивната работа од страна на Судскиот совет, тие да ја оценуваат работата на Судскиот совет, односно да одлучуваат по жалби на одлуки кои ги донесува Судскиот совет. Сметаме дека на тој начин се деролгира уставната поставеност на Судскиот совет и тоа не е добро за самата позиција и самиот концепт на поставеноста на судството во Република Македонија. Во исто време, со ваквото решение се руши и авторитетот на судиите во Судскиот совет, бидејќи ако донесат одлука судиите на Судскиот совет, а нивната одлука може да се цени од едно неформално тело, од Совет кој го формира Врховниот суд на Република Македонија од судии, од Врховен суд, Апелационен суд, од Основен суд или од таму од каде што доаѓа оној судија кој што се жали, на тој начин авторитетот на судиите во Судскиот совет се руши и целата поставеност на Судскиот совет како едно тело кое ја следи работата во судството, кое избира, разрешува и дава свое мислење за работата на судиите се дерогира.

Од тој аспект сметаме дека треба да уште еднаш Министерството за правда да размисли дали не треба да се избрише членот 60 а во иднина, бидејќи сега брзаме да ги донесеме законите од областа на судството, да се изнајде решение, до моментот на примена на овој закон и да се понуди некое посоодветно решение, за да имаат можност на двостепеност, односно по жалба судиите да достават до некое тело, до некој орган жалба на одлуките кои ги донесува Судскиот совет.

Значи, треба да се размисли кој ќе биде тој орган, кое ќе биде тоа тело, меѓутоа, вака формирано едно неформално тело да одлучува за одлуки на Судскиот совет ја уништува уставната поставеност на Судскиот совет.

**Љупчо Јордановски:** Имате уште три минути госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Тоа се најголемите забелешки. За другите забелешки нема да зборувам, тие се повеќе од технички карактер.

Ценам дека во Република Македонија, а и сите се согласивме со тоа, треба да направиме реформи во судството, но пак ќе кажам, ваквото брзање и ваквиот однос на Министерството за правда да не се слушнат аргументите на опозицијата, не само на ВМРО-ДПМНЕ кои одат во правец на јакнење на уставната поставеност на Судскиот совет нема да донесат нови решенија и нема да направи ред во судството во Република Македонија, па мислиме дека многу брзо ќе дојде до промена на овој закон кој што треба да го донесеме за Судскиот совет.

Исто така, она што го кажавме и за Законот за судовите важи и за Законот за судскиот совет, ќе гласаме, нема да бидеме кочничари за реформите кои што треба да се спроведат, меѓутоа, цениме дека ова не се квалитетни реформи и дека многу брзо уште пред примена на ваквите одредби на законот треба да се размисли. Тоа ќе биде одговорност сигурно на новата влада и новото парламентарно мнозинство, да размислат пред 1 септември да направат одредени измени, кои, пред се, ќе ја гарантираат уставната поставеност на Судскиот совет. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Тука ја прекинувам денешната седница. Продолжуваме со работа утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 17,00 часот).